Врз основа на член 22 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 29.12.2025 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## за активностите во областа на спортот и младите во општина Битола за 2026 година

## ВОВЕД

Спортот претставува значајна општествена активност што ги опфаќа сите форми на физичка активност – од рекреација и аматерски спорт, до професионални натпревари – со цел подобрување на физичката подготвеност, менталната благосостојба и социјалната интеграција на граѓаните. Преку спортот се поттикнуваат здрави животни навики, се гради тимски дух и се зајакнува чувството на заедништво, особено кај младите луѓе, за кои спортот претставува средство за личен развој, самодоверба и позитивни вредности.

Општина Битола ја препознава клучната улога на спортот и младите во развојот на заедницата и има за цел да создаде услови за нивно подеднакво учество, напредок и афирмација. Визијата на општината е да обезбеди родово рамноправен и инклузивен спортски систем во кој девојките и момчињата, жените и мажите, ќе имаат еднаков пристап до спортска инфраструктура, програми, финансиска поддршка и можности за натпреварување.

Со оваа Програма, Општина Битола се стреми да ја поттикне еднаквата застапеност на жените во спортот, да ги елиминира пречките за нивно активно учество и да ги унапреди локалните политики согласно националните стратегии и европските стандарди за родова еднаквост. Паралелно, се поставува акцент на развојот на младинските политики – преку воспоставување постојан дијалог меѓу младите и локалната самоуправа, создавање простор за нивно активно учество во процесите на одлучување и поттикнување на младинската иницијативност.

Во тој контекст, спортот и младинското учество се третираат како меѓусебно поврзани области кои придонесуваат кон изградба на здрава, активна и инклузивна заедница. Општина Битола ќе продолжи да инвестира во подобрување на спортската инфраструктура, поддршка на спортските клубови, развој на младински програми и активности кои промовираат еднакви можности, фер-плеј и солидарност.

## ЗАКОНСКИ РАМКИ СПОРЕД КОИ СЕ ПОДГОТВУВА САМАТА ПРОГРАМА

Програмата за активностите во областа на спортот и младите на Општина Битола за 2026 година е подготвена врз основа на Законот за спорт, Законот за младинско учество и младински политики и Законот за локална самоуправа, како и на уставните определби на Република Северна Македонија.

Во член 47 став 5 од Уставот е утврдено дека: „Републиката ги поттикнува и помага техничката култура и спортот“, што претставува основен принцип за развој и промоција на спортот како дел од културниот, образовниот и социјалниот живот на граѓаните.

Во согласност со Законот за спорт, општините имаат надлежност да:

- го поддржуваат развојот на масовниот и рекреативниот спорт преку спортски и спортско-рекреативни клубови, училишни и студентски спортски системи, како и активности за лица со попреченост;
- организираат спортски приредби и манифестации, натпревари и традиционални спортски настани од општински, национален и меѓународен карактер;
- изградат и одржуваат спортска инфраструктура, вклучувајќи спортски објекти, терени и рекреативни зони достапни за сите граѓани;
- поддржуваат и унапредуваат спортски клубови и спортски сојузи на локално ниво, обезбедувајќи им просторни, материјални и кадровски услови за работа;
- поттикнуваат вклучување на младите во спортот и промовирање здрави животни навики преку училишниот систем и локалните иницијативи.

Програмата се темели и на одредбите од Закон за младинско учество и младински политики, чија цел е да обезбеди:

- креирање и спроведување интегрирана политика за млади, базирана на нивните потреби и интереси;
- активно учество на младите во процесите на донесување одлуки и креирање политики;
- промоција и заштита на интересите на младите и зголемување на јавната свест за нивната општествена улога;
- поддршка на младинското организирање и структурниот дијалог меѓу младите и институциите на локално и национално ниво;
- поттикнување на волонтерството, младинскиот активизам и младинската работа;
- создавање услови за личен, професионален и социјален развој кај младите лица.

Во рамките на Закон за локална самоуправа, општините имаат надлежност да спроведуваат политики за спорт, култура, образование и млади, како и да создаваат локални програми и мерки кои

овозможуваат активна партиципација на граѓаните, особено на младите, во развојот на локалната заедница.

## ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Главна цел на Програмата за активности во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2026 година е афирмирање на Општина Битола како современа и развиена спортска општина која создава услови за одржлив развој на спортот, поттикнување на младинскиот активизам и унапредување на спортско-рекреативните активности достапни за сите граѓани.

Општината преку систематска организација на активностите во областа на спортот и младите ќе придонесе за зголемување на опфатот на младите, жените и лицата со попреченост во спортот, како и за промовирање на инклузивност и родова рамноправност во спортските програми.

Особено внимание ќе се посвети на младите, кои голем дел од своето време го поминуваат во дигитални и неактивни форми на забава. Затоа, една од клучните задачи на општината е да создава можности и мотивација за активен и здрав начин на живот, преку кој младите ќе се насочуваат кон позитивни вредности, тимски дух, дисциплина и спортска култура.

Реализацијата на програмите и проектите во делот на развој на спортско-рекреативните активности, односно спорт за сите, ќе овозможи поголема масовност, пристапност и учество на граѓаните во спортот, со цел развој на основни физички и моторички вештини, подобрување на здравјето и општата благосостојба.

Понатаму, преку организација на систем на натпревари, турнири и спортски манифестации ќе се овозможи настап на локални клубови, млади спортисти и спортски таленти во земјата и странство. Посебен акцент ќе се стави на развојот и поддршката на спортот кај лицата со инвалидитет и лицата со интелектуална попреченост, со цел нивна инклузија и рамноправно учество во спортскиот живот на заедницата.

Со континуирана поддршка на спортските настани и младинските иницијативи, Општина Битола ќе придонесе за популаризација на спортот, промоција на здрави стилови на живеење и достојно претставување на локалните потенцијали на национално и меѓународно ниво.

## МЕТОДОЛОГИЈА

Спортските натпревари и манифестации на територијата на општина битола ги организираат и реализираат спортските клубови и здруженија, како и националните спортски федерации, во согласност со одредбите од законот за спорт.

Правни и физички лица, установи и претпријатија кои вршат дејност во областа на спортот, воспитанието, образованието, угостителството и туризмот, исто така можат да организираат спортски манифестации, под услови утврдени со закон и со претходна согласност од надлежните институции.

**Критериуми за вреднување на програмите и проектите**

Вреднувањето на доставените програми и проекти од спортските клубови и здруженија се врши според следните критериуми:

Остварени спортски резултати– предност имаат клубови кои се натпреваруваат во највисоките лиги или имаат индивидуални спортисти со високи пласмани (i, ii или iii место) на официјални државни, европски или светски првенства.

Масовност и учество– се вреднува бројот на учесници во активностите и манифестациите наведени во доставените програми, како и бројот на спортски категории и возрасни групи кои се опфатени.

Родов баланс во спортот– посебен акцент се става на бројот на жени кои активно учествуваат во спортските активности, како спортистки, тренерки или членови на спортски клубови и здруженија.

Инклузивност и достапност– се вреднува бројот на лица со попреченост кои се вклучени во спортските активности и програмите, како и пристапноста на активностите за различни категории граѓани.

Меѓународна соработка и промоција– предност имаат манифестации во кои учествуваат поголем број држави и кои придонесуваат за промоција на општина битола на меѓународно ниво.

Институционална релевантност– манифестации што се дел од календарот на националните спортски федерации или на меѓународни спортски асоцијации, со утврден статус и категорија на натпревар, се вреднуваат со повисок приоритет.

Овие критериуми се користат при оценување и распределба на финансиска поддршка од општина битола за спортски клубови и организации кои делуваат на локално ниво, со цел промовирање фер пристап, инклузивност, квалитет и родова еднаквост во спортот.

## ВРЕДНОСТИ И ПРИНЦИПИ НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА СПОРТОТ И МЛАДИТЕ ВО ОПШТИНА БИТОЛА ЗА 2026

Основните вредности и принципи врз кои се темели Програмата за активности во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2026 година претставуваат рамка за одговорно, инклузивно и транспарентно спроведување на активностите, во насока на развој на спортот, поддршка на младите и промоција на здрави стилови на живеење.

1. Одговорност

Општина Битола своето делување го темели на почитување на законската регулатива и принципите на јавна отчетност. Одговорноста подразбира организирано и долгорочно планирање на активностите во областа на спортот и младите, континуирано создавање услови за спортување, како и следење и оценување на резултатите од програмата.

2. Развој

Програмата се заснова на континуирана поддршка на спортските клубови, здруженија и младински организации со цел реализација на квалитетни проекти, омасовување на спортот и зголемување на бројот на активни спортисти на сите нивоа. Притоа, акцент се става и на унапредување на спортската инфраструктура и подобрување на условите за тренинг, рекреација и развој на спортски таленти.

3. Транспарентност

Општина Битола обезбедува отворен и правичен пристап за сите апликанти и учесници во реализацијата на програмата. Финансиските средства се распределуваат транспарентно, со јасни критериуми и јавна отчетност во нивното користење, во согласност со принципите на доброто управување.

4. Еднаквост и инклузивност

Во рамките на своите надлежности, Општина Битола обезбедува еднаков третман и можности за сите граѓани – жени и мажи, девојчиња и момчиња, лица со попреченост и други ранливи категории. Се промовира родова еднаквост и пристапност до сите спортски објекти, програми и активности без дискриминација.

5. Пристапност до спортската инфраструктура

Општина Битола овозможува користење на спортските сали и објекти без надомест за професионалните спортски клубови кои се натпреваруваат во највисоките првенствени лиги, како и за аматерските клубови и здруженија кои имаат спортисти со високи спортски резултати (I, II или III место) на официјални Европски или Светски првенства, признати од националните спортски федерации.

6. Промоција и активирање на младите

Преку спроведување на кампањи и промотивни активности, Општина Битола ќе поттикнува развој на спортската култура и ќе ја промовира важноста на спортот како фактор за здрав, активен и квалитетен живот. Посебен акцент ќе се стави на мотивирање и активирање на младите да се вклучуваат во спортски активности во своето слободно време.

## АКТИВНОСТИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА СПОРТОТ И МЛАДИТЕ ВО ОПШТИНА БИТОЛА 2026 ГОДИНА

Програмата за активности во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2026 година се реализира согласно усвоениот Буџет на Општина Битола, со вкупна вредност од 92.835.000.00 денари. Средствата се распределуваат согласно одлуката на Советот на Општина Битола и Методологијата за определување на критериуми за доделување финансиска поддршка на спортски здруженија и индивидуални спортисти.

Програмата е флексибилна и може да се надополнува во текот на 2026 година, во согласност со новите потреби и приоритети што ќе произлезат во текот на реализацијата. Активностите се организирани во пет основни програмски насоки, како што следува:

1. Поддршка и унапредување на спортот, спортските клубови, здруженија и индивидуални спортисти

Општина Битола ќе ги поддржува активностите на спортските клубови и индивидуалните спортисти регистрирани на територијата на општината преку јавен повик за доделување финансиски средства од буџетот.
Поддршката ќе се доделува согласно утврдените критериуми во методологијата, врз основа на спортски резултати, масовност, инклузивност и родов баланс во спортот.

Целта е да се обезбеди континуитет во развојот на спортот, поттикнување на талентите и афирмација на Општина Битола како спортски центар со традиција и резултати.

2. Поддршка и развој на училишниот спорт

Општина Битола ќе финансира програми, проекти и спортски активности на учениците од основните и средните училишта, со посебен акцент на системот на натпревари и спортски настани во рамки на училишниот спорт, како и унапредување на универзитетскиот спорт.

Целта е да се стимулира физичката активност кај младите, да се развива натпреварувачкиот дух и тимската соработка, и да се создадат услови за идентификација и поддршка на млади спортски таленти.

3. Поддршка на рекреативни активности и спорт за сите

Преку оваа програмска насока, Општина Битола ќе поддржува масовни спортско-рекреативни активности достапни за сите граѓани, со посебен акцент на лица со попреченост и ранливи категории.

Рекреативниот спорт има за цел да овозможи активно учество на секој граѓанин според неговите можности, промовирајќи здрави животни навики, општа физичка подготвеност и социјална вклученост.

4. Поддршка на традиционални, хуманитарни и манифестации од посебен интерес за Општина Битола

Општина Битола ќе обезбедува финансиска поддршка за традиционални спортски манифестации, турнири, хуманитарни спортски настани и спортски активности од локален, регионален, национален и меѓународен карактер, кои имаат значење за промоција на спортот и на Општината.

Целта е да се зачува континуитетот на манифестациите кои имаат културна и спортска вредност и да се поттикне туристичката и промотивната функција на спортот.

5. Поддршка на дополнителни програми и проекти од јавен интерес во областа на спортот

Општина Битола ќе ги поддржува активностите на:

- професионални спортски друштва кои ја претставуваат општината на меѓународно ниво;
- спортски здруженија и клубови во колективни спортови кои се натпреваруваат во државните лиги;
- женски спортски здруженија и клубови;
- спортски и рекреативни програми за лица со попреченост и интелектуални тешкотии.

Со оваа мерка се овозможува целосна поддршка на спортскиот систем на општината, кој ги опфаќа сите нивоа – од аматерски и училишен спорт до професионален и инклузивен спорт.

Носители на активностите се Општина Битола, Министерството за спорт, Министерството за образование и наука, Владата на Република Северна Македонија, единиците на локална самоуправа, спортските федерации, Македонскиот олимписки комитет, Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, образовните институции, граѓанските организации и бизнис секторот.

АКЦИОНЕН ПЛАН

| | Активност | Одговорни | Опис на активност | Цел | Време | Финансиски Ресурси | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ЈАВЕН ПОВИК | | | | | | |
| 1.1. | Општина Битола ќе ги поддржува активностите на спортските клубови/ здруженија регистрирани на подрачјето на општина Битола | Општина Битола Комисија за млади и спорт Комисија за финансии и буџет | Објавување на Јавен повик за доделување на финансиски средства од Буџетот на општина Битола за спортски клубови/здруженија. Критериумите за висината на финансиските средства ќе ги одреди Комисијата за млади и спорт од Совет на општина Битола и Комисијата за евалуација на барања за финансиски средства од општинската администрација Поддршката треба да се заснова врз основа на реални параметри и потврда од страна на матичните национални федерации во која членува. | Општина Битола обезбедува финансиска поддршка за реализација на програмите на спортските клубови/здруженија.Подносителот на програмата треба да достави:<br>- програма или проект за активностите во областа на спортот кои што ги планираат да ги остварат во тековната година<br>- извештај за финансиските средства доколку им биле доделени во претходната година ( пропратна документација за потрошените средства)<br>- финансиски план и динамичен план за користење на средствата<br>- спортскиот клуб/здружение треба да биде регистриран согласно Законот на здруженија (тековна состојба не постара од 6 шест месеци)<br>- бројот на спортисти и спортски екипи кои што ќе настапат согласно програмата<br>- доказ дека активно учествува во натпреварувањата кои се организирани од програмите на соодветните спортските федерации при Агенцијата за млади и спорт согласно Законските регулативи.<br>- здружението да биде со седиште во општина Битола | 2026 | 2.000.000,00 ден | Број на спортски клубови/здруженија кои што добиле финансиска поддршка<br>-Постигнати спортски резултати и нивното рангирање во матичните федерации во АМС |
| 1.2. | Општина Битола ќе | Општина Битола | Објавување на Јавен повик за доделување на финансиски | Општина Битола обезбедува поддршка за постигнатите спортски | 2026 | 1.000.000,00 ден | Број на спортисти кои |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ги поддржува и индивидуалните спортисти кои со своите резултати достојно ја претставуваат општината на репрезентативно ниво | Комисија за млади и спорт<br>Комисија за финансии и буџет | средства од Буџетот на општина Битола за индивидуални спортисти.<br>Критериумите за висината на финансиските средства ќе ги одреди Комисијата за млади и спорт од Совет на општина Битола и Комисијата за евалуација на барања за финансиски средства од општинската администрација<br>Поддршката треба да се заснова врз основа на реални параметри и потврда од страна на клубовите дека е член на истиот. | резултати на индивидуалните спортисти.<br>Право на финансиски средства (стипендија) имаат:<br>- секој ученик или ученичка жител или жителка на Општина Битола<br>-редовен или вонреден ученик или ученичка во средно училиште на подрачјето на Општина Битола<br>-активен спортист/ка, член/ка на спортски клуб од подрачјето на Општина Битола регистриран во матичната национална спортска федерација<br>-репрезентативци во индивидуални спортови<br>-репрезентативци во екипни спортови<br>-високи спортски резултати во претходната 2020 година и во 2021 година се до завршувањето на Јавниот повик | | | што добиле финансиска поддршка<br>-Постигнати спортски резултати на репрезентативно ниво<br>Број на жени/девојки со постигнати спортски резултати |
| 2. | СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ | | | | | | |
| 2.1. | Традиционални манифестации | Општина Битола<br>Комисија за спорт и малди при Советот<br>Комисија за евалуација на барање за финансиски средства | Општина Битола ќе ги финансира спортски приредби и манифестации од локален, регионален, национален и меѓународен карактер, со цел зачувување на континуитетот на вакви манифестации за кои има интерес од страна на граѓаните и кои се во интерес на развојот на спортот во општината. | Организаторот на спортската манифестација кој конкурира за добивање на средства од буџетот на Општина Битола доставува:<br>- програми и проекти за организација на спортска приредба или манифестација<br>- финансиски план и извори на финансирање<br>- организационен одбор на манифестацијата<br>- спортисти,спортски екипи кои ќе настапат<br>- број на лица со посебни потреби вклучени во манифестацијата<br>- број на жени вклучени во манифестацијата<br>- извештај за финансиските средства доколку им биле доделени во претходната година | 2026 | 1.600.000,00 ден | Број на реализирани манифестации<br>Број на вклучени лица,број на вклучени жени и број на лица со посебни потреби |
| 2.2. | Манифестации од особен интерес | | | | | 200.000,00 ден | |
| 2.3. | Хуманитарни манифестации | | | | | 200.000,00 ден | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. | УЧИЛИШЕН СПОРТ | | | | | | |
| 3.1. | Општина Битола ќе ги финансира програмите, проектите и спортските активности на учениците, со посебен акцент на реализирање на спортски активности и натпревари на учениците од основните и средните училишта на подрачјето на општина Битола | Општина Битола, Општински сојуз на училишни спортови | Општина Битола ќе продолжи да ги финансира општинските Училишни Лиги кои се формираат со единствена цел за масовност и поголема застапеност на ученици во лигите кои предходно не се занимавале активно со спорт и со посебен акцент за вклучување на ученици од пониските одделенија и класови. | Училишните лиги ќе придонесат за зголемување на процентот на деца кои ќе се занимаваат со спорт во иднина. Училишните лиги ќе ги организираат директорите на основните и средните училиштата во соработка со општината. | 2026 | 375.000,00 ден | Број на училишни спортски клубови, број на вклучени деца кои не се занимаваат со спорт, број на женски деца, број на деца со посебни потреби |
| 3.2. | Општина Битола ќе ја финансира и Програмата на Општинскиот сојуз на училишен спорт која | Општина Битола, Општински сојуз на училишни спортови, Федерација на училишен спорт | Програма претставува збогатување и унапредување на постоечкиот класичен систем на натпревари преку организирање на зонско–меѓузонски, регионални и државни лиги во повеќе спортови од спортските игри, каде основните и средните училишта, преку нивните училишни спортски клубови ќе се вклучат со поголем број | Основна цел е да се унапреди училишниот спорт со зголемување на бројот на ученици во спортските активности и системот на натпревари. Реализацијата на проектот ќе биде во функција на забрзан развој на системот училишен спорт и целокупниот спорт во нашата држава. | 2026 | 375.000,00 ден | Квалитативно системско зајакнување на училишниот спорт<br>Степен на рангирање на училишните спортски клубови на државно ниво |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | е во согласност со Програмата на Федерацијата на училишен спорт и истата е од натпреварувачки карактер | | ученици во континуиран тренажен процес и зголемен број на натпревари во лиги организирани на три нивоа во текот на целата учебна година. | | | | |
| 3.3. | Општина Битола ќе го финансира и Универзитетскиот спорт | Општина Битола, Универзитетска спортска федерација на Македонија | Општина Битола ќе воспостави национален спортски систем на универзитетите и факултетите како и организирање на спортско-рекретаивни активности на студентите | Преку поддршка на Програмата на Универзитетската спортска федерација на Македонија ќе се придонесе омасовување на универзитетскиот спорт и грижа за спортистите - студенти | 2026 | 350.000,00 ден | Број на студенти кои ќе земат учество на меѓу универзитетските лига натпревари на ниво на државата; база за организација и релизација на Прв и Втор степен на натревари на студените кои студираат на постојните ( 12 универзитети) кои организираат систем на натпревари со опфат на студентите од сите години на студии; |
| 4. | ПРОФЕСИОНАЛЕН СПОРТ | | | | | | |
| 4.1. | Општина Битола во насока на унапредува | Општина Битола Комисијата за спорт | Финансиска поддршка на програмите на професионалните акционерски друштва и спортски здруженија | Со поддршката на професионалните спортски клубови – акционерски друштва им се помага во разрешување на финансиските | 2026 | 68.000.000,00 ден | Степен на рангирање во првенствените лиги на |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ње на спортот ќе ги поддржува и финансира професионалните спортски клубови регистрирани на подрачјето на Општина Битола | и млади при Советот Комисија за евалуација на барање за финансиски средства | во кои општината Битола има капитал: ФК Пелистер АД Битола, РК Еурофарм Пелистер АД Битола, КК Пелистер АД Битола. Препорака:Финансиските средства треба да се распределуваат согласно унапредувањето на родовата еднаквост односно еднаквите можности на мажите и жените. | тешкотии со што ќе понудат соработка и да привлечат голем број компании кои ќе вложуваат. Оваа мерка ќе се придонесе следење на европските и светските искуства каде што најголем број на клубови функционираат како акционерски друштва, регулирање и утврдување на сопственоста и сопственичката структура на клубовите, привлекување на повеќе спонзори и приватни компании кои ќе инвестираат во спортските клубови. | | | спортските федерации Број на меѓународни натпревари |
| 5. | ДОПОЛНИТЕЛНО УТВРДЕНИ АКТИВНОСТИ | | | | | | |
| 5.1. | Женски спортски клубови/здруженија | Општина Битола Комисија за споер и млади Комисија за евалуација на барање за финансиски средства | Општината ќе го поддржува и женскиот колективен спорт односно здруженијата кои се натпреваруваат во националните лиги, а истите немаат статус на професионални акционерски друштва | Зголемување на вклученоста на жените и девојчината во највисоките првенствени лиги и поттик за подеднакво финансирањето на жените и мажите, момчињата и девојчињата во спортот. | 2026 | 3.000.000,00 ден | Број на поддржани Женски спортски клубови/здруженија |
| 5.2. | Поддршка за општинските фудбалски екипи | Општински фудбалски сојуз | Општина Битола ќе ги поддржува активностите на општинските фудбалски екипи кои се наптреваруваат во општинската фудбалска лига | Да се поддржат фудбалските клубови на територија на општина Битола кои се натпреваруваат во општина лига<br>- Поддршка за службени лица (судии, делегат и контролори) за реализација на домашните натпревари | 2026 | 600.000,00 ден | Број на поддржани службени лица |
| 5.3. | Субвенционирање на членарина на спортските клубови и | | Преку јавен повик за поддршка на спортски клубови и здруженија во кои членуваат деца од ранливи категории согласно критериуми | Вклучување на што поголем број на деца од ранливи категории во спортските клубови /здруженија со цел нивна социјализација и подобрување на спортскиот живот | 2026 | 100.000,00 ден | Број на пријавени спорстки здруженија/клубови<br>Број на деца кои |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | здружениja за зачленување на деца од ранливи категории | | | | | | членуваат Број на пријавени спорстки здруженија/клубови |
| 5.4. | Општина Битола ќе ги финансира програмите, проектите, активностите и манифестациите кои не се опфатени со претходни позиции во програмата за активности во областа на спортот, а кои со својата актуелност, атрактивност, значење и квалитет, придонесуваат за остварување на програмските цели во областа на спортот во Општина Битола за | Општина Битола Комисија за споер и млади Комисија за евалуација на барање за финансиски средства. | Општина Битола ќе ги финансира програмите, проектите, активностите и манифестациите кои не се опфатени со претходни позиции во програмата за активности во областа на спортот, а кои со својата актуелност, атрактивност, значење и квалитет, придонесуваат за остварување на програмските цели во областа на спортот во Општина Битола за 2026 година. | Организаторот или носителот на проектот/активноста до општина Битола доставува: - - програма за реализација на проект, спортска активност или манифестација<br>- финансиски план и извори на финансирање | 2026 | 2.000.000,00 ден | Број на поддршани проекти/активности<br>Број на вклучени учесници |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2026 година. | | | | | | |
| 6. | МЛАДИ | | | | | | |
| 6.1. | Поддршка на проекти за млади (Акционен едногодишен план – Стратегија за млади) | Општина Битола, Комисија за млади и спорт | Организации на трибини, курсеви и презентации кои континуирано ќе овозможуваат активно вклучување на младите во процесите на донесување одлуки и младинско информирање. | Активација на младите и зголемување на обемот на вклучување во спортски активности во нивното слободно време. Организирање на активности за користење на слободното време на младите преку редовни посети на (натпревари, фестивали, промоции, саеми). | 2026 | 550.000,00 ден | Број на активности Број на млади вклучени во нив Број на вклучени лица со попреченост Број на вклучени жени |
| 6.2. | Младински Центар | Финансирање на Младински центар | Воспоставување на механизми за вклучување на младите во изразување и усвојување на нивното мислење во локалната самоуправа како и активно учество во имплементацијата на програмите кои опфаќаат сфери на интерес на младата популација. | | 2026 | 950.000,00 ден | Број на активности Број на млади вклучени во нив |
| 6.3. | Програма/акивности на Локален младински совет | Општина Битола ќе ги финансира програмите, проектите, активностите и манифестациите на Локалниот младински совет | Воспоставување на механизми за вклучување на младите во изразување и усвојување на нивното мислење во локалната самоуправа како и активно учество во имплементацијата на програмите кои опфаќаат сфери на интерес на младата популација. | | 2026 | Во програма за социјална заштита | Број на активности Број на млади вклучени во нив |
| 6.4. | Студентска пракса | Општина Битола, Комисија за млади и спорт Универзитет „Св Климент | Студенти практиканти ангажирани во Општина Битола и Јавни претпријатија | Ангажирање на студентите во Општина Битола и Јавни претпријатија со цел поголема вклученост на млади со стекнати практики | 2026 | 500.000,00 ден | Број на ангажирани студенти Број на студенти со посебни потреби Број на вклучени жени |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Охридски“ Битола | | | | | |
| 7. | СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ И ОПРЕМА | | | | | | |
| 7.1. | Спортски објекти | Општина Битола, АМС, Олимписк и комитет Општина Битола, | Реконструкција и модернизација на фудбалски стадиони во градските и руралните средини | Подобрување на условите за тренинг како главен предуслов за постигнување на врвни спортски резултати | 2026 | Програма за комунални дејности | Број на спортисти Број на фудбалери Број на приврзаници на спортско навивање |
| 7.2. | Адаптација на спортски игралишта и сали прилагоден и за лицата со попреченост | Општина Битола, АМС, Олимписк и комитет Општина Битола, | Поставување на пристапни рампи во спортските објекти и училишните спортски сали | Подобрување на можностите за спортување на лица со попреченост | 2026 | Програма за комунални дејности | Број на извршени адаптации Број на ученици со попреченост Број на лица со попреченост Број на жени со попреченост |
| 7.3. | Спортски планинарс ки и скијачки клубови/зд руженија | Општина Битола, АМС, Олимписк и комитет Општина Битола, | Општина Битола ќе ги поддржува активностите и проектите на планинарските и скијачките спортски клубови/здруженија за зголемена популаризација на овие спортови, создавање на оптимални услови за спортување како и развој на масовните спортско-рекреативни активности на граѓаните | Зголемување на вклученоста на спортистите во планинарските и скијачките спортови. Организаторот или носителот на проектот до општина Битола доставува:<br>- програма за реализација на проект, спортска активност или манифестација<br>- финансиски план и извори на финансирање<br>- број на учесници-спортисти, спортски екипи, број на деца со посебни потреби и број на жени кои ќе настапат во програмата, проектот, натпревар, активност или манифестација | 2026 | 3.000.000,00 ден | Број на натпревари и број на вклучени спортисти. Број на меѓународни натпревари. Број на настани за развој на масовниот спорт и рекреација на граѓаните во природа, особено во планината |
| 7.4. | Спортска опрема и реквизити | Општина Битола, АМС, Олимписк и комитет | Набавка и поставување на спортски реквизити и опрема на отворени и затворени спортски терени ( кошаркарски табли и обрачи, ракометни и фудбалски | Подобрување на спортската инфраструктура и замена на дотраените спортски реквизити и опрема со нови. | 2026 | 1.000.000,00 ден | Број на учесници-спортисти, спортски екипи, училишни спортски екипи |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Општина Битола, | голови, мрежи, топки , пинг-понг маси) | | | | |
| 8 | НАБАВКА НА ОПРЕМА ЗА СТАДИОН ПЕТАР МИЛОШЕВСКИ И ПЕЛЕТИ ЗА СПОРТСКА САЛА БОРО ЧУРЛЕВСКИ | | | | | | |
| 8.1. | Набавка на пелети за Спортска сала Борис Чурлевски | Општина Битола | Набавка на пелети за Спортска сала Борис Чурлевски | Набавка на пелети за Спортска сала Борис Чурлевски | 2026 | 1.000.000,00 ден | Број на пелети |
| 8.2. | Набавка на машина за косење, собирање на сува трева и метење на тревата | Општина Битола | Набавка на машина за косење, собирање на сува трева и метење на тревата | Ефикасно и професионално одржување на тревата на стадионот | 2026 | 1.500.000,00 ден | |
| 8.3. | Набавка на Ареатор | Општина Битола | Набавка на машина за создавање на дупки во тревата | Подобрување на дренажата на набиени тревници, овозможување слободен проток на воздух, вода и други хранливи материи во коренот на тревата. | 2026 | 1.370.000,00 ден | |
| 8.4. | Набавка на машина за вадење на чепови | Општина Битола | Набавка на машина за вадење на чепови | Ублажување на крутоска на тревата и правилно одстанување на густиот слој на „мртвата трева“ | 2026 | 400.000,00 | |
| 8.5. | Набавка на машина ТопДресер | Општина Битола | Набавка на машина за ставање на песок | Подобрување на квалитетот на тревата и дренажата на теренот | 2026 | 1.550.000,00 ден | |
| 8.6. | Набавка на сеалка | Општина Битола | Набавка на машина за сеење на нова трева | Рамномерно, квалитетно и професионално сеење на новата трева | 2026 | 585.000,00 ден | |
| 8.7. | Набавка машина за бележење на теренот | Општина Битола | Набавка машина за бележење на теренот | Прецизно и квалитетно обележување на теренот | 2026 | 90.000,00 ден | |
| 8.8. | Набавка на комбинира на четка | Општина Битола | Набавка на комбинирана четка со челични игли за четкање на природна и вештачка трева | Професионално четкање на природна и вештачка трева | 2026 | 230.000,00 ден | |
| 8.9. | Набавка на машина за | Општина Битола | Набавка на машина за миење на трибините | Подобрување на спортската инфраструктура | 2026 | 30.000,00 ден | Број на машини |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | миење на трибините | | | | | | |
| 8.10. | Набавка на машина за чистење на трибините | Општина Битола | Набавка на машина за чистење на трибините | Подобрување на спортската инфраструктура | 2026 | 180.000,00 ден | Број на машини |

| ПРОГРАМА | Опис на активност | Буџет за 2026 год. |
|---|---|---|
| ЛО - ТРАНСФЕРИ ДО СПОРТСКИ КЛУБОВИ | **Професионален спорт** | |
| | Фудбалски клуб Пелистер | 26.000.000,00 ден |
| | Кошаркарски клуб Пелистер | 22.000.000,00 ден |
| | Ракометен клуб Еурофарм | 20.000.000,00 ден |
| | **ВКУПНО Професионален спорт** | 68.000.000,00 ден |
| | Училишен спорт | 750.000,00 ден |
| | Универзитетски спорт | 350.000,00 ден |
| | **Спортски манифестации** | |
| | Традиционални манифестации, манифестации од особен интерес, Хуманитарни манифестации | 2.000.000,00 ден |
| | **Дополнителни активности** | |
| | Женски клубови/здруженија | 3.000.000,00 ден |
| | Други активности | 2.000.000,00 ден |
| | Поддршка на општински фудбалски екипи | 600.000,00 ден |
| | Субвенционирање на спортски клубови/здруженија во кои членуваат деца од ранливи категории | 100.000,00 ден |
| | **Млади** | |
| | Младински проекти | 550.000,00 ден |
| | Младински центар | 950.000,00 ден |
| | **Спортски објекти** | |
| | Спортски планинарски и скијачки клубови | 3.000.000,00 ден |
| | **Вкупно** | **81.300.000,00 ден** |
| А0 | Јавен повик | |
| | - Правни лица | 2.000.000,00 ден |
| | - Физички лица | 1.000.000,00 ден |
| | Студентска пракса | 500.000,00 ден |
| | Локален Совет на млади | 0,00 ден |
| | **Вкупно** | **3.500.000,00 ден** |
| ЛА - СПОРТСКА ОПРЕМА И РЕКВИЗИТИ | Набавка на спортска опрема и реквизити | 1.000.000,00 ден |
| | **Вкупно** | **1.000.000,00 ден** |
| ЕО - ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА | Набавка на пелети за Спортска сала Борис Чурлевски | 1.000.000,00 ден |
| | **Вкупно** | **1.000.000,00 ден** |
| ДО - ГРАДОНАЧАЛНИК | Градоначалник | 100.000,00 ден |
| | **Вкупно** | **100.000,00 ден** |
| | Набавка на машини за потребите на фудбалски стадион Петар Милошевски | 5.935.000,00 ден |
| | **Вкупно** | 5.935.000,00 ден |
| **ВКУПНО ПРОГРАМА** | | **92.835.000,00 ден** |

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Висината на средствата за реализација на Програмата за активности во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2026 година се определува со усвојувањето на Буџетот на Општина Битола од страна на Советот на општината.

Средствата за реализација на Програмата се обезбедуваат од следните извори:

- Буџетот на Општина Битола;
- Донации, спонзорства и други извори на финансирање во согласност со закон.

Процедура на финансирање и евалуација

Поднесените барања за финансиска поддршка во рамките на оваа Програма се разгледуваат и евалуираат од страна на Комисија од општинската администрација, по претходно разгледување на Комисијата за спорт и млади при Советот на Општина Битола.

Врз основа на нивните заклучоци, Комисијата подготвува предлог-листа за распределба на средствата, која се доставува на одобрување до надлежните општински органи, согласно определените овластувања и буџетските можности.

Принципи на реализација

Во реализацијата на Програмата, Општина Битола и надлежните комисии се раководат од следните принципи:

- Јавност и транспарентност во процесот на доделување и користење на средствата;
- Објективност и правичност при оценување на доставените барања и предлози;
- Рационално користење на буџетските средства, во согласност со приоритетите и финансиските можности на општината.

Комисијата е должна при распределбата на средствата да обезбеди нивна усогласеност со целите на Програмата, да ги следи приоритетите на Општина Битола во областа на спортот и младите и да води сметка за рамномерна распределба на средствата помеѓу спортските клубови, здруженија и поединци.

Следење и известување

При евалуацијата на доставените барања и извештаи, Комисијата ќе посвети особено внимание на:

- оправданоста на потрошените средства од претходно финансирани програми и проекти;
- навремено доставените извештаи од реализираните активности;
- ефикасноста и резултатите од спроведените проекти.

Комисијата има обврска да подготвува извештај за реализација на Програмата, кој се доставува до Советот на Општина Битола на крајот на буџетската година, со цел обезбедување отчетност и континуирано унапредување на програмските активности.

Програмата влегува во сила *со денот на донесување а ќе се објави* во „Службен гласник на Општината Битола“.

| | |
|---|---|
| Бр 09-137/19 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 29.12.2025 год. | на Советот на Општина Битола |
| Б и т о л а | Бојан Бојкоски |